**Стотици бараат акција за спас на Креативна Европа**

Водечката паневропска мрежа **Culture Action Europe (Културна акција на Европа),** што обединува културни мрежи, организации, уметници, активисти, академици и носители на политики, ја започна акцијата *Стотици бараат акција за спас на Креативна Европа,* која се однесува на новата програма „Креативна Европа 2028 – 2034 година“.

Над 800 професионалци од културниот сектор, претставници на 479 организации од 40 земји, веруваат дека идниот буџет на ЕУ мора да овозможи програмата „Креативна Европа“ да биде силна и самостојна програма. Дали и вие сте еден од нив?

Додека Европската комисија се подготвува во средината на јули да го претстави првиот предлог-буџет на ЕУ за периодот 2028 – 2034 година, **Culture Action Europe (Културна акција на Европа)** повторно ја испраќа својата порака до европските креатори на политики, а, пред сѐ, до Претседателката на Комисијата, дека:

- „Креативна Европа“ мора да остане самостојна програма посветена на културата и креативноста;
- Нејзиниот буџет мора значително да се зголеми на 2 % од вкупната потрошувачка на ЕУ.

Во моментов, „Креативна Европа“ сочинува само 0,2 % од буџетот на ЕУ или 2,44 милијарди евра за седум години. Ова е несразмерно не само во однос на економскиот придонес на секторот (се проценува дека секое вложено евро носи 11 евра БДП), туку и во однос на неговата вредност за зајакнување на општествената кохезија, заедничкиот идентитет и отпорноста низ Европа.

> *Тоа е како да гледате двочасовен филм и да ви прикажат само 15 секунди. Како да се сече торта на 500 парчиња и уметниците да добијат само едно. Како да ѝ се даде на културата помалку од еден ден во годината.*

И ниедна метафора не може навистина да ја долови егзистенцијалната и трансформативната моќ на една голема книга, една маестрална претстава или едно смело уметничко дело.

Ние ја гледаме идната „Креативна Европа“ како силна, автономна и достапна програма. Програма што ја почитува уметничката слобода, со сопствени критериуми и специфично приспособени механизми за финансирање. Програма што поддржува различност, нови професионалци и широка културна партиципација.

На институциите на ЕУ им порачуваме: Прашајте! Платете! Имајте доверба!

Не само во уметниците и во културните организации, туку и во самата „Креативна Европа“: докажана успешна приказна, поткрепена со експертиза и углед.

Интегралниот текст на кампањата може да го најдете тука.

За да се приклучете на кампањата, притиснете тука.